Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**

Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј Прилеп
ПРИМЕНО: 25.07.2025

| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
|---|---|---|---|
| 03 | 289/1 | | |

# ЗАПИСНИК
**за извршен инспекциски надзор**
**ИП 1 бр. 57- 49**
**Датум: 22.07.2025 година**

## 1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа- Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Прилеп |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „Александар Македонски" бр. 400, Прилеп |
| Адреса за е-пошта | knigmuzejprilep@yahoo.com |
| Телефон | 048/401-090 |
| Матичен број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро сметка | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ |
| Одговорно лице на субјектот: | |
| Име и презиме: | knigmuzejprilep @gmail.com |

## 2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 14.07.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 17.07.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.15 |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа- Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Прилеп | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Заштита на историски места и градби, како и слични знаменитости за посетители (шифра 91.03) | | |
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Александар Македонски" бр. 400, Прилеп | | |


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Налогот од раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура и туризам (**во натамошниот текст: СУИН на МКТ**), бр. 57-49 од 11.07.2025 г., а во врска со Иницијатива за надзор-Информација за криминално и антимакедонско работење, поднесена од од Прилеп, заведена во МК под ИП1 бр. 57-49 од 09.07.2025 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од:

- Маја Митревска, виш инспектор при СУИН на МКТ, во присуство на Дарко Аџиевски, помошник инспектор.

5) **Предмет на вонредниот инспекциски надзор** е работењето на субјектот на инспекцискиот надзор Националната установа - Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј, Прилеп (**во натамошниот текст: Завод и Музеј, Прилеп**), од аспект на примена на одредбите од Законот за музеите („Сл. весник на РМ"66/04, 89/08, 116/2010, 51/2011, 88/2015, 152/2015 и 39/2016 и „Сл. весник на РСМ" бр. 103/21), како и подзаконските акти - Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезната книга, картотеката и другите видови на музејска евиденција и музејска документација („Сл. весник на РМ" бр. 72/2006), Правилникот за начинот на вршење на ревизија на музејските предмети („Сл. весник на РМ" бр. 35/2016) и Правилникот за регистарот на музејските копии, за образецот на сертификатот на музејската копија, за начинот на обележување на комерцијалната копија и репродукцијата на музејските предмети („Сл. весник на РМ" бр. 72/2006), а во врска со изнесените наводи во Иницијативата-информацијата каде се посочува на криминално работење во Завод и Музеј, Прилеп во период кога установата била раководена од страна на претходните директори и вклучително и лицето , вработено во установата како библиотекар.

**Основ:** член 44 став (1) од Законот за музеите и член 82 став (1) од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и и „Сл. весник на РСМ бр. 265/2024, 132/2025"), а во врска со член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор**.


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што станува збор за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваа и лицата:

| Р.бр. | Име и презиме/својство | Телефон |
|---|---|---|
| 1. | | |
| 2. | | |
| 3. | | |
| 4. | | |

Лицето поранешен директор и вработен во Завод и Музеј, Прилеп, а сега пензионер, на денот на надзорот телефонски беше повикан да присуствува при вршењето на надзорот во просториите на Завод и Музеј, но тој изјави дека е пензионер и дека неможе да дојде бидејќи не е во градот, поради што му беше посочено од инспекторот дека доколку сака може по однос на наводите од иницијативата дополнително да се произнесе писмено преку електронска пошта или физички да дојде во просториите на СУИН на МКТ.

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор од увидот во презентираната документација и евиденција како и разговорите водени со присутните лица, се констатирани следните состојби:

10.1 – По пат на јавен оглас согласно член 29 став 1 и 2 од Законот за културата, за директор на Завод и Музеј, Прилеп избрана е со Решение на министерот за култура бр. 44-10681/2 од 29.11.2024 г., со мандат од четири години.

10.2 - Согласно со член 51 став 1 од Статутот бр. 01-51/1 од 17.02.2022 г., (пречистен текст), Завод и Музеј, Прилеп располага, односно има на користење/владение недвижен имот во државна сопственост, кадешто се сместени дел од постојаните поставки и изложби на Завод и Музеј, Прилеп, меѓу кои и Спомен домот на Блаже Конески во с. Небрегово – родна куќа на Конески.

10.3 - На 09.07.2025 г., од страна на лицето од Прилеп до министерот за култура и туризам, доставена е „Информација за криминално и антимакедонско работење“, заведена во писарницата на МКТ под ИП1 бр. 57-49 од 09.07.2025 г., и истата е парафирана за постапување до СУИН на МКТ.

Предметната *„Информација за криминално и антимакедонско работење“* се однесува на *„бившиот директор на музејот-Прилеп, г-дин који со престанувањето на законот за продолжување на работниот однос до 67 години старост замина во пензија на 30.06.2022 г., (во натамошниот текст бившиот директор пензионер), „бившиот директор на музејот-Прилеп, кој беше поставен за директор на местото на пензионираниот директор г - дин од 30.06.2022 г. до смената на власта на последните парламентарни избори во 2024 г., и кој сега работи на претходното работно место како етнолог во Музејот-Прилеп и „на г-ѓа која сега работи како библиотекарка во Музејот-Прилеп, а порано работеше како водич на „Спомен домот Блаже Конески во селото Небрегово“.*
Според наводите во Информацијата, станува збор за *„исчезнување на еден оргинален ракопис од Конески, од рацете на бившиот директор пензионер, а во кој ракопис конески на 9 страници напишани со перодршка и мастило во 1951 г., ја препеал комедијата од Вилијам Шекспир со наслов „Ноќ спроти Водици“, односно Конески е автор на препевите од поетскиот дел на комедијата „Ноќ спроти Водици“ (Македонски народен театар – 30.04.1951 г), чиј текст не е печатен во Република Македонија“.*

Во информацијата, подносителот посочува за начинот на исчезнувањето на ракописот којшто првично го поседувал проф којшто пак пред да почине му го дал на проф. др. , професор на Филолошки факултет, со молба ракописот да се достави во Музејот во Прилеп, а копија од ракописот да


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 3207 436 и 075/273-069
www.kultura.gov.mk

се постави во родната куќа на Конески доколку истата се претвори во културен споменик.

Понатаму, наведува дека *„пред 10 или можеби и повеќе години, при посета на родната куќа на Конески во селото Небрегово со еден автобус со студенти, професорот д-р поради неговата старост лично на рака во мое присуство ракописот и го даде на тогашната директорка на Музејот, Прилеп г-ѓа* Подоцна откако подносителот на Информацијата и го побарал ракописот на тогашната директорка таа му одговорила дека заборавила каде го оставила ракописот и исто така му посочила дека треба да го извести раководството на Фондацијата-Небрегово.

При инспекцискиот надзор и разговорите водени со присутните лица, изјава на записникот даде вработена како хигиеничар во Завод и Музеј, Прилеп. Таа ја даде следната изјава: *„дека подолг временски период кај мене стоеше најлонска фасцикла со документи напишани во ракопис, за кои не ни знаев на што се однесуваат, едноставно директорката во една прилика ми ги даде и усно ме задолжи да ги приберам кај мене и да ги чувам додека не ми ги побара. Не памтам точно кога беше тоа.*
*Како мене ми се случи немил настан, тешка сообраќајна несреќа, а истовремено и таа се поболи од карцином, документите си стоеа во шкафот и јас дури и заборавив на нив.*
*Кога се вратив од боледување, новиот директор ме задолжи да го испразнам шкафот и да ги преместам сите мои работи. Во таа прилика јас го видов ракописот а во истовреме во просторијата влезе и кој го препозна како редок ракопис од Блаже Конески и побара да го види а подоцна и да го изложи во Спомен домот Блаже Конески. На тоа јас му одговорив дека „директор ми го дал, на директор ќе го предадам". И двајцата влеговме кај директорот и му го предадовме. Потоа јас повеќе ниту ги видов документите ниту знам што се случило со нив. Овој настан се случи есента во 2017 година, не памтам точен датум, но беше непосредно по моето враќање од долгото боледување".*

Во текот на инспекцискиот надзор, во однос на наводите од Информацијата од подносителот, со писмена изјава пратена по е-маил се произнесе и поранешниот директор на Завод и Музеј, Прилеп, и притоа ја даде следната изјава:

*„**Прво:** Одговорно тврдам дека таков документ (ракопис) никогаш не сум видел и не знам дека постоел, ниту дека за време на мојот мандат постоел таков ракопис. Знам дека тој велеше дека немало некој ракопис (кој ние од музејот никогаш не сме го виделе), а додека хигиеничаркат велеше:„Кај него е тој ракопис што го бара“. Исто така еднаш го зедовме во Небрегово ајде да ја смириме топката со надеж дека нема повеќе вербално да напаѓа по вработените и таму ни рече дека ако тој бил кустос (иако е во пензија) , ќе го најдел ракописот, што потврдува она што го велеше хигиеничарката.*

***Второ:** Не знам дали предметите, ракописите, плакетите и се што е вредно и автентично во Спомен домот во Небрегово (куќа која е под заштита) се ставени во евиденција, внесени во влезна и инвентарна книга кое нешто му го оставив во аманет на наредниот директор затоа што имаше премногу работи за средување во другите поставки. До каде е тоа не знам.. Исто така планирано беше да се стават и таму камери за кое нешто требаше да си преземи дир. зашто јас заминав порано, со законот за пензија.*

***Трето:** Обвинувачот е лице кое е проблематично, конфронтирачко, кое правеше проблеми во повеќе наврати во Спомен домот кон вработените кои ги праќав во Спомен домот по потреба кога имаше посетители. Имено истиот во повеќе наврати вербално ги напаѓаше овие вработени а еднаш се обиде и физички да се пресмета со заради тоа што тој не држел говори таму и не бил кустос. Јас постојано му укажував дека е во пензија и не смее да биде кустос, но тој не се разбираше и напротив правеше сценарија пред делегации од државен врв, врвни академици, професори, ученици итн. Кога неговото агресивно однесување ја достигна кулминацијата јас како директор морав да го пријавам во МВР – Прилеп (пријавата е архивирана и може да ја видите во архивата на музејот и во архивана МВР- Прилеп). Беше опоменат од страна на полицијата. Исто така идеше понекогаш и во музеј и викаше, вреѓаше по вработените, особено по библиотекарката како и го зела местото (за вработување) на неговата снаа која исто така била со Педагошки факултет. Како резултат на неговото однесување, а по пријава за нарушување на јавен ред и мир, полицијата му забрануваше да доаѓа во музејот и во Спомен домот во Небрегово.*

***Четврто:** Како се сетил после три години од моето заминување од музеј, да го бара документот од мене и да ме обвинува со вакви неосновани информации до Министерството за култура. Сметам дека лицето води хајка против мене, но заедно со раководството на Музејот, а доказ за тоа се кривичните пријави што биле поднесени против мене (откако заминав во пензија)*

*кои ги наведила немаат никаква врска со тој ракопис што го бара. Исто така има и лаги во неговата пријава, затоа што јас никогаш не сум бил условно осуден (проверете во обвинителството во Прилеп) за кое нешто ќе добие истиот пријава од мене за лажно сведочење. Прашање е од каде ги зел, кој му ги кажал? За ова ќе поднесам и посебна пријава до МВР за директорот на музејот ...*
*За Ваша информација, сите кривични пријави против мене а кои беа поднесени од некои вработени меѓу кои и актуелната директорка се неосновани и отфрлени од обвинителството (проверете во обвинителството во Прилеп). За наведените кривични пријави никогаш не сум бил повикан на суд во парница, сите беа отфрлени..*
**Петто:** *Целта на сето ова е јасна. Отворена хајка против мене а нашле кого да го искористат, тоа е кој е подложен на вакви манипулации (со надеж дека ќе му помогнат да ја вработи неговата снаа), зад кој се кријаат сите оние на кој им сметаше моето раководење стручно и одговорно а не како што беа научени на раскалашеност и неодговорност".*

Во однос на изнесените наводи на подносителот за предметниот ракопис како и за дозволата од Завод и Музеј, прилеп да се обнови поставката и да се отвори за посетители училницата во којашто Конески завршил прво одделение, претходен директор на Завод и Музеј, Прилеп изјави *„дека документите напишани во ракопис, предмет на инспекцискиот надзор, во периодот додека бев директор од 01.07.2022 до 02.09.2024 година, не сум ги видел ниту имам било каква информација. Со стапување на работното место етнолог кустос во Спомен домот Блаже Конески во село Небрегово, направив список на предмети кои се наоѓаат во него. Како прилог 1, се предмети кои се донесени од етнолошкото одделение со нивен инвентарен број од старата физичка евиденција, а како прилог два вкупниот број на предмети во спомен домот. Прилозите ви се доставени во текот на инспекцискиот надзор".*

Додека, лицето , поранешен кустос во спомен куќата на Блаже Конески во Небрегово, а сега распоредена на работно место библиотекар во Завод и Музеј, Прилеп во однос на наводите од Информацијата како посочена за одговорна од подносителот ја даде следната изјава:
*„На ден 14.07.2025 г. бев повикана во канцеларијата на директорката каде имаше инспектори од Министерство за култура, кои ме известија за пријава (која не ја видов), само усно ми соопштија за што станува збор. Исто така ме задолжија да дадам своја изјава.*

*Имено лицето (пензионер 9 години) пријавил тројца вработени во музејот, меѓу кои и јас, за исчезнување на некој ракопис од Конески со наслов „Ноќ спроти Водици“ (препев од комедијата на Шекспир, напишан во 1951 година). Станува збор за ракопис кој некогаш постоел во Спомен домот на Блаже Конески во Небрегово.* **Најпрво јас како лице од Музејот (вработена 8 години) која е вработена како библиотекар а по налог на директорот одев како водич во Спомен домот изјавувам под морална и кривична одговорност дека досега таков ракопис не сум видела во Спомен домот во Небрегово. Само се сеќавам дека хигиеничарката неколку пати имаше речено дека тој ракопис бил кај** *Исто така се сеќавам дека еднаш рече дека ако го земале него за водич во Спомен домот (и покрај што е пензионер) тој ќе го најдел ракописот кој го немало. Исто така сакам да напоменам дека Куќата на Блаже Конески во Небрегово која е под заштита 20 години, нема ниту обезбедување, ниту постојано лице кое ќе се грижи за куќата и дворното место, ниту има камери или аларм а во неа има вредни предмети кои се од национален интерес за нашата култура и постоење, а се наоѓа на околу 30 км далечина од самиот Музеј во Прилеп. Куќата е затворена со обичен клуч и катанец. Исто така и предметите кои се во неа (меѓу кои лични предмети од Блаже Конески, награди признанија,ракописи, книги и сл.) не се водат ниту во влезна ниту во инвентарна книга во Музејот за кое нешто јас апелирав до сите директори досега, а куќата е под заштита.*

*Јас сум библиотекар и одев само по потреба кога имаше групи на ученици или некои настани да презентирам за животот и делото на Блаже Конески за кое сум учела и знам многу, но никогаш не сум била вработена како водич, ниту бев задолжена со нешто во Спомен домот. Ниту едно лице во музејот не е задолжено со предметите од куќата и со самиот Спомен дом.*

*Сакам да напоменам за пријавителот некои важни работи кои ги поврзувам со ова пријавување. Имено пензионерот , има добиено пријави и од екс директорот и од екс директорот ( со архивски бр 03-233/6 од 20.12.2023) за нарушување на јавен ред и мир пред Спомен домот за време на чествување јубилеи поврзани со ликот и делото на Блаже Конески. Имено пријавителот физички се пресметуваше со екс директорот (со фаќање за раце и за врат) пред делегации од градоначалник на општина Прилеп, директори на основни училишта кои положуваа цвеќе во Спомен домот и други делегации. Јас бев вербално нападната со погрдни и навредливи зборови повеќе пати (зашто тој изненадно се појавуваше таму, вон институционално и сакаше тој да презентира иако беше пензионер) кога*

*одев да презнтирам за ликот и делото на Конески, кога имаше значајни настани на кои некогаш присуствуваа и делегации од државен врв, претседател на држава, архиепископи, декани на филолошки факултети и др. При последното негово вербално напаѓање со многу ниски и погрдни навредливи зборови упатени кон мене, кое се случи на 19.12.2023 та, јас бев прилично вознемирена и принудена и јас лично да го пријавам во МВР - Прилеп, за што добив Известување од службите дека се преземени мерки кон лицето и дека е писмено предупреден (арх бр.23.22.06.1.4-153 Ропотово)*
*Лицето имаше изјавено дека се додека не ја вработел неговата снаа која имала Педагошки факултет, немало да се откажи од Спомен домот иако е во пензија. Викаше дека наводно јас (која исто така сум со педагошки факултет) сум и го зазела местото на неговата снаа. Од тука мислам дека се и побудите за сите овие случувања што непотребно и неосновано ги прави пензионерот кои не водат никаде".*

При инспекцискиот надзор, инспекторот изврши увид во задолжителната музејска документација и евиденција којашто во Завод и Музеј, Прилеп се води електронски како што е предвидено со членот 20 од Законот за музеите и член 2 и 5 од Правилникот за формата содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезната книга, картотеката и другите видови на музејска евиденција и музејска документација.

При увидот во музејските книги, односно во влезната книга на музејскиот материјал како и во инвентарната книга на музејски предмети утврдено е дека **не е евидентиран музејски предмет** со наслов „оргинален ракопис од Конески на 9 страници напишани со перодршка и мастило во 1951 г., односно препев на комедијата од Вилијам Шекспир со наслов „Ноќ спроти Водици".

Притоа, утврдено е дека во инвентарната книга на музејски предмети којашто во Завод и Музеј се води во електронска форма **не е извршено евидентирање на 27 музејски предмети, пренесени од депото на Завод и Музеј, Прилеп, а коишто како дел од музејската поставка во куќата на Блаже Конески во с. Небрегово,** претходно биле евидентирани во старите музејски книги водени рачно (со Записник бр. 07-159/1 од 25.03.2014 г., за извршено ставање вон употреба (запечатување) на книги на евиденција на музејски предмети во НУ- Завод и Музеј, Прилеп), за коишто бил задолжен етнолог-советник претходно вработен во Одделението за етнологија во Завод и Музеј, Прилеп сега во пензија.

Имено, утврдено е дека не е извршена реинвентаризација на овие музејски предмети, односно нивно евидентирање во електронските музејски книги, порадишто истите носат стари инвентарни броеви под кои се евидентирани во запечатените книги коишто се воделе рачно, немаат соодветни ознаки, а што е утврдено од прилозите како и од презентираните записници како и извештајот бр. 09-138/3 од 09.06.2021 г., од извршена ревизија на музејски предмети во Завод и Музеј, Прилеп.

Во однос на музејскиот материјал, распореден во седум соби од куќата на Блаже Конески во с. Небрегово (вкупно 184 единици/парчиња), а коишто според изјавата на биле собрани од граѓани на градот Прилеп и селани од с. Небрегово уште во перидот кога се отворила Спомен куќата на Блаже Конески и се опишани поединечно во прилогот 2 од неговата изјава којашто е составен дел од овој Записник, **од инспекторот е утврдено дека воопшто не се евидентирани во влезната книга на музејскиот материјал**, за понатаму во законски рок од две години да бидат стручно обработени и да бидат евидентирани во Инвентарната книга на музејски предмети на Завод и Музеј, Прилеп како музејски предмети од етнологија – дел од етнолошка поставка - Спомен куќа на Блаже Конески во с. Небрегово.

**Оттука, врз основа на вака утврдената фактичка состојба заклучно со денот на вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:**

**- се утврдени неправилности во работењето на Завод и Музеј, Прилеп од аспект на обврската за водење на музејската евиденција и музејската документација утврдена во членот 20 од Законот за музеите, односно обврската за електронско евидентирање и документирање во музејските книги на 184 единици/парчиња музејски материјал распореден во седум соби во Спомен куќата на Блаже Конески во с. Небрегово, а којшто припаѓа на етнолошкото одделение во Завод и Музеј, Прилеп. Исто така, утврдено е дека во инвентарната книга на музејските предмети којашто во Завод и Музеј се води во електронска форма, не е извршено евидентирање на 27-те музејски предмети, пренесени од депото на Завод и Музеј, Прилеп во Спомен куќата на Блаже Конески во с. Небрегово, а коишто како дел од музејската етнолошка поставка, и коишто претходно биле евидентирани во старите музејски книги водени рачно од страна на тогашниот етнолог, поради што инспекторот ќе**


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

изрече инспекциска мерка, односно ќе донесе решение со наредба за отстранување на неправилностите во определен рок согласно со член од ЗК.

**Имајќи ја предвид надлежноста на инспекторите во Секторот за управен и инспекциски надазор на МКТ, утврдена во Законот за култура според којшто инспекторите немаат можност да вршат истражни дејствија по однос на исчезнатиот ракопис, предметот со списите ќе биде доставен на надлежност и постапување до Министерство за внатрешни работи, СВР - Битола.**

11) Заради обемот и сложенота на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

12) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

13) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________
____________________________________________________________.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | | Печат и потпис на инспекторот за култура: Маја Митревска, Виш инспектор | |
| Датум: | 25.07.2025 г. | Датум: | 22.07.2025 г. |